ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр.: 02-119/19
19. 02. 2018 год.
КРАТОВО

# ДОГОВОР

## за сукцесивна набавка на кафетериски услуги за потребите на општина Кратово за 2018 година

Склучен помеѓу:

1. **Општина Кратово,** со седиште на ул.„Плоштад Маршал Тито“ бр.1, 1360 Кратово претставувана од страна на Градоначалник д-р Љупчо Бојаџиев како нарачател на услугите, и
2. **Друштво за угостителство, трговија и услуги ЕМ-АЛ ГРУП 2016 ДООЕЛ Кратово,** со седиште на ул.„Плоштад Павел Шатев“, бр.20, 1360 Кратово со ЕМБС: 7126603, претставувано од законскиот застапник Асен Арсовски, како извршител на услугите.

**Член 1**

Предмет на договорот е набавка на кафетериски услуги за потребите на општина Кратово за 2018 година.

Угостителските - кафетериски услуги ќе се вршат по ценовникот за пијалоци кој е составен дел на овој договор и нормативите за пијалоци заверени од страна на општината.

Овој договор започува да важи од денот на склучувањето со важност до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот не смее да го надмине износот од **59.322,оо денари без ДДВ или 70.000,00 денари со вкалкулиран ДДВ од 18%.**

**Член 3**

Набавката ќе се врши сукцесивно, зависно од потребите на општината, а нарачките ќе ги вршат овластени лица од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши врз основа на испоставена фактура во законски рок.

**Член 5**

Извршителот на услугите се обврзува услугите од член 1 од овој договор да ги извршува спрема стандардите и нормативите за извршување на таков тип на услуги, да ги исполнува HACCP стандардите и да ги извршува навремено и квалитетно.

За секоја угостителска услуга извршителот на услугите уредно доставува фактура со испратница потпшишана од страна на овластеното лице во која задолжително се повикува на бројот на договорот.

**Член 6**

Нарачателот на услугите се обврзува да обезбеди средства за плаќање на фактурираната вредност и истата да ја плати во договорениот рок.

**Член 7**

Општина Кратово нема обврска да го искористи целосниот износ од член 2.

**Член 8**

Со содржината на овој договор согласни се двете договорнио страни.

**Член 9**

Се што не е предвидено со овој договор важат позитивните законски прописи кои ја регулираат соодветната материја.

**Член 10**

Во случај на спор договорните страни ќе го решават спогодбено, во спротивно надлежен е основниот суд во Кратово.

**Член 11**

Овој договор е составен во четири еднакви примероци од кои по два за двете договорни страни.

**Изготвил:** Катерина Станковиќ

**ЗА НАРАЧАТЕЛ**
**ОПШТИНА КРАТОВО**
**Градоначалник**
**д-р Љупчо Бојаџиев**

**ЗА ИЗВРШИТЕЛ**
**ДУТУ ЕМ-АЛ ГРУП 2016 ДООЕЛ**
**Управител**
**Асен Арсовски**

Друштво за угостителство, трговија и услуги ЕМ-АЛ ГРУП 2016 ДООЕЛ Кратово